**ДЕКЛАРАЦИЈА**
**ЗА ПРИОРИТЕТНО ДОНЕСУВАЊЕ НА НОВИОТ ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ОД СТРАНА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Имајќи предвид дека дискриминацијата е сè уште еден од почестите проблеми со кои се соочуваат голем дел од граѓаните на Република Северна Македонија, посебно ранливите, сиромашните и маргинализираните заедници;

Земајќи ја предвид моменталната состојба во државата, отсуството на механизми и недоволната примена на постоечките национални и меѓународни инструменти за соодветно справување со дискриминација, што директно придонесува кон продлабочување на нееднаквоста во нашето општество и со што им се оневозможува на граѓаните да го искористат сиот свој потенцијал за еднакво учество во секој домен од живеењето;

Водејќи се од фактот дека основните слободи и права на човекот и на граѓанинот признаени со меѓународното право и утврдени со Уставот се темелни вредности на нашиот уставен поредок, но и дека еднаквоста е дел од утврдените уставни слободи и права на човекот и на граѓанинот;

Препознавајќи ја потребата од усвојување на квалитетни законски решенија за преточување на оваа темелна уставна вредност преку унапредување на системот за спречување и за заштита од дискриминација, согласно меѓународните стандарди, согласно обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација - и согласно потребата за усвојување на правото на Европската унија, се залагаме за:

- **Итно донесување на Законот за спречување и заштита од дискриминација, веднаш по формирањето на новото парламентарно мнозинство;**
- **Спроведување на транспарентна постапка за избор и за именување на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во согласност со законски утврдените услови и рокови;**
- **Обезбедување на услови, вклучително и на финансиски ресурси, за непречено и независно функционирање на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со сите нејзини надлежности;**
- **Промоција и унапредување на принципите за еднаквост и за недискриминација со цел градење на хумано и фер општество за сите луѓе во државата.**

**Иницијатори:**

***Мрежа за заштита од дискриминација (МЗД)***
***Национална мрежа за борба против хомофобијата и трансфобијата (НМХТ)***
***Платформа за родова еднаквост***
***Македонска платформа против сиромаштија (МППС)***
***Мрежа 23***
***Неформална мрежа на ромски организации***
***Блупринт група за реформи во правосудството***
***Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата***
***Платформа за одржливост на сервисите за превенција и поддршка за ХИВ***

Датум: 10.07.2020

**Потписници:**

***Алијанса за Албанците***
***ВМРО-ДПМНЕ***
***Глас за Македонија***
***ДЕМОКРАТИ***
***Демократски сојуз (ДС)***
***Зелена партија Демократска обнова на Македонија (ДОМ)***
***Либерално демократска партија (ЛДП)***
***Нова социјалдемократска партија (НСДП)***
***Обединета партија за еднаквост на Ромите (ОПЕР)***
***Партијата за движење на Турците (ТХП)***
***Партија за демократски просперитет на Ромите (ПДПР)***
***Партија за економски промени 21 (ПЕП21)***
***Партија на пензионери (ПП)***
***Партија за целосна еманципација на Ромите (ПЦЕР)***
***Сојуз на Ромите на Македонија***
***Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ)***
***Твоја партија***